# СКОПЈЕ

Бесплатен примерок

| Број 31 | Година VII | јануари 2014 г. |






## ОТЧЕТ

## ЗА СКОПЈЕ

## ЗА 2013 ГОДИНА








**Коце Трајановски,**
*Градоначалник на Град Скопје*

# Почитувани сограѓани,

На истекот на уште една година од моето работење како градоначалник на Градот Скопје, застануваме за момент да се потсетиме на завршените проекти, на успешно решените проблеми и на предизвиците што допрва се издигнуваат пред мене и пред мојот тим. Редно е да ја анализираме нашата работа, за во наредната, 2014 година, пред Вас, почитувани сограѓани да понудиме уште поквалитетни проекти и поупотребливи решенија на урбаните проблеми. Со тоа ќе ја оправдаме укажаната доверба на локалните избори во април 2013 година кога по втор пат ја добив честа да работам за доброто на Скопје и на скопјани, како градоначалник на македонската метропола.

И во оваа година од мојот мандат како градоначалник на Скопје најинтензивно работевме на намалување на сообраќајниот метеж и на проширување на клучни сообраќајници што секојдневно опслужуваат илјадници луѓе. Го проширивме и реконструиравме третиот дел од булеварот Илинден, во Карпош 3, со што сложениот проект за пробивање на овој значаен булевар доби успешна завршница. Јас сум особено горд на проектот за проширување на булеварот Илинден зашто станува збор за зафат со кој Градот Скопје, како локална самоуправа, покажа храброст, умешност и посветеност, за доброто на граѓаните.

Успешно ја проширивме и втората делница од булеварот Борис Трајковски (поранешната улица Првомајска), на потегот од крстосницата со булеварот Србија до влезот во поранешната фабрика „Стакларница“. Улиците Лазо Трповски и Втора македонска бригада ги поврза кружен тек, а без застој се работи и на проширувањето на улицата 3.Македонска бригада.

Имајќи ги предвид долгогодишните проблеми на жителите на Инџиково, Јурумлери, Гоце Делчев и Трубарево со септичките јами вложивме во изградба на нова фекална мрежа. Градевме и нови водоводни мрежи и атмосферска канализација.

На повеќе локации во градот поставивме подземни контејнери, со што Градот Скопје активно придонесе за подигнување на јавната свест за селекција на отпадот од домаќинствата и за намалување на отпадот што завршува на депонијата „Дрисла“.

Во 2013 година Јавното сообраќајно претпријатие целосно го обнови својот возен парк. Благодарејќи на добрата соработка на Градот Скопје со Владата на Република Македонија, на градските улици сега сообраќаат вкупно 312 нови автобуси, од кои 80 се нископодни, 215 се двокатни, а 16 се минибуси. За заложбите на Градот Скопје за обнова на градските автобуси, за промоција на алтернативните видови транспорт и за доближувањето на убавините на Скопје до сите посетители Градот Скопје доби и меѓународно признание, престижната награда City Trophy, што ја доделува Меѓународната унија за патен транспорт (ИРУ).

На автобуските стојалишта поставивме нови автобуски постојки, а поставивме и унифицирани билборди и воведовме ред во рекламирањето на јавните површини.

Во знак на поддршка на крводарителите опремивме Центар за дарување крв во Домот „Даре Џамбаз“, а поставивме и лифт и лифтовска платформа за лицата со посебни потреби во средното училиште „Арсени Јовков“, за сите ученици да добијат еднаков пристап до образовниот процес.

За обнова на училишните згради на сите 21 средно училиште што се во надлежност на Градот Скопје вложивме 47 милиони денари. Средните училишта „Георги Димитров“ и „Здравко Цветковски“ почнаа да се греат на гас, со што Градот Скопје ја потврди заложбата за енергетски ефикасни училишта и јавни институции.

И во текот на годинава Градот Скопје работеше на збогатување на зеленилото и на уредување нови зелени површини. Ги обновивме дрворедите по должината на булеварите, а паркот „Македонија“ и Паркот на 100 дрвја понудија нови зелени катчиња за рекреација.

Во просториите на градската библиотека „Браќа Миладиновци“ ја опремивме и отворивме за посетителите Спомен-собата на браќата Миладиновци, а го финансиравме и издавањето на Зборникот на браќата Миладиновци, на албански јазик.

Оваа година од мојот мандат како градоначалник на Скопје ја одбележаа многу значајни проекти во сите сфери на урбаното живеење, а со исто темпо продолжуваме и во наредната година. Одговорно и посветено, за нашето Скопје.




**„СКОПЈЕ“**
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на 10 декември 2008

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Фотографии на**
Радомир Јовановиќ-Рацо

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски**
Булевар Илинден 82
**Телефон**
02 3297 255
**меил-адреса**
gragjani@skopje.gov.mk
**Дизајн и печат**
Графички Центар Скопје

# ВТОРИОТ ДЕЛ ОД БУЛЕВАРОТ БОРИС ТРАЈКОВСКИ СО НОВ ЛИК

Вториот дел од булеваротБорис Трајковски, на потегот од крстосницата со булеваротСрбија до влезот во поранешната фабрика „Стакларница", во мај 2013 година доби нов лик. На делницата долга 1 126 метри беше изграден коловоз со 4 сообраќајни ленти и нови тротоари, а беше поставено и ново осветлување.

- Проектот за проширување и реконструкција на булеваротБорис Трајковски е еден од најголемите проекти на Градот Скопје. Со проширувањето на овој дел, булеварот доби 4 коловозни ленти, по две во секоја насока. По должината на оваа делница Градот Скопје уреди 2 семафоризирани крстосници. Од десната страна на коловозот е изграден тротоар покриен со бекатон-плочки, со ширина од 2 метри, а од левата страна - тротоар со велосипедска патека, со ширина од 4 метри. Поставена е атмосферска канализација во должина од 1 126 метри со променлив профил, од Ф 500 до Ф 800 милиметри. Постојниот армирано-бетонски мост над Усјанскиот канал беше реконструиран, со што тој доби 4 коловозни ленти со пешачка и со велосипедска патека. Од двете страни на проширената делница се поставени 64 столбови за улично осветлување – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Градот Скопје во октомври 2012 година ја отвори за сообраќај првата делница од проширениот булевар Борис Трајковски,




што се градеше на потегот од „Рампа" до крстосницата со улицата Народни херои во должина од 1 380 метри.

- Со комплетното завршување на капиталниот проект за проширување и реконструкција на булеваротБорис Трајковски, оваа прометна сообраќајница доби нов лик во вкупна должина од 2,5 километри. Со тоа се реши децениskиот проблем со којшто се соочуваа скопјани. Во проектот за проширување и реконструкција на булеваротБорис Трајковски, Градот Скопје вложи околу 4 милиони евра, пари обезбедени од Европската банка за обнова и развој, како кредит, и од Буџетот на Град Скопје - објаснува градоначалникот Трајановски.






# БУЛЕВАР ИЛИНДЕН - 4 ЛЕНТИ ОД ЦЕНТАР ДО КАРПОШ 4

Екипите на Градот Скопје го проширија и реконструираа третиот дел од булеварот Илинден, во Карпош 3, со што сложениот проект за пробивање на овој значаен булевар доби успешна завршница.

- Во овој трет дел од проширувањето, на потегот од бензинската пумпа на „Макпетрол" до улицата Љубљанска, во должина од 1 500 метри, булеварот Илинден доби четири коловозни ленти. Од двете страни на коловозот се оформени нови тротоари. Изградена е и нова атмосферска канализација со сливници и шахти, долга 610 метри (Ф 200 и 300 милиметри). За потребите на проширената сообраќајница е изграден и армирано-бетонски мост во должина од 20 метри. При реконструкцијата на булеварот поставена е заштитна жичена ограда на стадионот на ФК „Локомотива". За изградба на оваа трета делница од булеварот Илинден Градот Скопје вложи околу 65 милиони денари – вели градоначалникот Коце Трајановски.

На трасата на булеварот Илинден е поставено целосно ново улично осветлување, за што се вложени 9 милиони денари.

- Во средишниот дел на булеварот е изградена жардиниера со должина од 2 000 метри. Од левата и од десната страна на булеварот е засадена трева на површина од околу 15 000 квадратни метри и е поставена хидрантска мрежа за полевање. Во средишното зеленило на булеварот се засадени 120 дрворедни садници од видот „украсно јаболко". За комплетното хортикултурно уредување на третиот дел од булеварот Илинден се издвоени околу 6,6 милиони денари. Со тоа, вкупната инвестиција за реконструкција и проширување на третиот дел од булеварот Илинден изнесува околу 80 милиони денари – нагласува градоначалникот Трајановски.

За потсетување, во 2010 година Градот Скопје го прошири и реконструираше првиот дел од булеварот Илинден, од крстосницата со булеварот Свети Климент Охридски до крстосницата со булеварот 8 Септември, во должина од 2 140 метри. За реализацијата на овој капитален проект Градот Скопје потроши околу 3,3 милиони евра. Во 2011 година од Буџетот на Градот се издвоени околу 20 милиони денари со кои беше проширена втората делница од булеварот Илинден во должина од 280 метри, односно од крстосницата со булеварот 8 Септември до бензинската пумпа на „Макпетрол".



# КРУЖЕН ТЕК МЕЃУ УЛИЦИТЕ ВТОРА МАКЕДОНСКА БРИГАДА И ЛАЗО ТРПОВСКИ

Улиците Втора македонска бригада и Лазо Трповски, на границата меѓу општините Бутел и Чаир, во мај 2013 година ги поврза кружен тек. Новото сообраќајно решение придонесе за намалување на метежот што претходно беше честа слика на оваа раскрсница, а со тоа се зголеми и безбедноста за сите учесници во сообраќајот.

- Кружниот тек меѓу улиците Втора македонска бригада и Лазо Трповски е формиран на нивото на постојниот коловоз и има една сообраќајна лента со широчина од 5,5 метри, што ги опслужува сите четири краци. На краците од улиците Втора македонска бригада и Лазо Трповски што водат кон кружниот тек се изградени тротоари покриени со бекатон-плочки, а во средината на кружниот тек е засадено зеленило на површина од 1 400 квадратни метри. Во текот на градежните работи на кружниот тек беше изградена нова атмосферска канализација. Градот Скопје во овој проект вложи 22 милиона денари – објаснува градоначалникот Коце Трајановски.



На кружниот тек е поставено и ново улично осветлување, со 9 столба за осветлување и 13 светилки.

## СЕ ПРОШИРУВА УЛИЦАТА 3.МАКЕДОНСКА БРИГАДА

Градежните работи за проширување и реконструкција на првата делница од улицата 3.Македонска бригада се одвиваат според предвидената динамика. Оваа важна сообраќајна артерија што го поврзува центарот на градот со општината Аеродром се проширува од крстосницата со булеварот Србија до улицата Фрањо Клуз. На оваа делница долга 1 243 метри, улицата 3.Македонска бригада ќе добие 4 коловозни ленти и средишно зеленило со широчина од 5 метри. Од двете страни на новоформираната сообраќајница ќе се изградат тротоари.

Градежните работи на оваа делница од улицата 3.Македонска бригада ќе се искористат за да се постави атмосферска канализација со должина од 1 300 метри.



# ОТВОРЕНА НАЈМОДЕРНАТА КАТНА ГАРАЖА ВО СКОПЈЕ



Скопјани од септември 2013 година имаат можност да ги паркираат своите возила во новоизградената катна гаража меѓу улицата Свети Кирил и Методиј и булеварот Македонија, во центарот на градот. Гаражата располага со 445 паркинг-места, а час паркирање чини 30 денари.

- Оваа модерна катна гаража има два ката под земја и седум ката над земја, со вкупно 445 паркинг-места. За лицата со посебни потреби се обезбедени 17 паркинг-места. На приземјето и на последниот кат од објектот се предвидени деловни простории. Објектот катна гаража на улицата Свети Кирил и Методиј е современ објект со модерен систем за видеонадзор, систем за следење на слободни паркинг-места и за насочување на возилата, осветлување и испочитувани стандарди за противпожарна заштита – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Фасадата на објектот е изработена од ламинатни панели од природен материјал со голема издржливост на температурни промени и атмосферски влијанија. За илуминација на фасадата се поставени 496 светилки со LED диоди. За изградба на катната гаража Градот Скопје вложи околу 743 милиони денари. Со катната гаража стопанисува ЈП „Градски паркинг“.

На новоизградениот паркинг-простор покрај булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов, зад објектот на Авто мото сојузот на Македонија, може да се паркираат 111 возила. Паркингот е со површина од 1 389 квадратни метри, а за реализација на овој проект од буџетот на Град Скопје се издвоени 2,8 милиони денари. На изградба на ова ново паркиралиште работеа екипите на ЈП „Улици и патишта“.





Екипите на Град Скопје го реконструираат и прошируваат паркиралиштето до манастирот „Свети Пантелејмон“. Реконструираниот дел од паркингот има капацитет од 72 паркинг-места, додека со изградбата на новиот паркинг-простор ќе се обезбедат дополнителни 120 паркинг-места.

За реализацијата на овој проект потрошени се околу 8,5 милиони денари.

# САНАЦИЈА НА КОЛОВОЗОТ ПРЕД АВТОБУСКИТЕ СТОЈАЛИШТА




Оштетениот и нерамен коловоз пред автобуската станица кај Адвокатската улица беше саниран како дел од големата акција на Град Скопје за обнова на коловозот на градските улици пред автобуските стојалишта, на местата каде што поради тежината на возилата што застануваат се создаваат нерамнини и пукнатини во асфалтот.

На оваа локација, по санација на подлогата, раскопаната површина беше асфалтирана со завршен слој асфалт и обележана. Напролет, оваа акција ќе продолжи од другата страна на булеварот Крсте Мисирков, на автобуското стојалиште пред објектот на МАНУ; пред автобуските стојалишта од двете страни на булеварот Кузман Јосифовски Питу, кај Комплекс банки и од спротивната страна и пред автобуските стојалишта од двете страни на улицата Димитрие Чуповски, кај поранешен „Рекорд".

# СКРАТЕНИ ПЕШАЧКИТЕ ОСТРОВИ НА БУЛЕВАРОТ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ



Екипите на Градот Скопје ги скратија пешачките острови на крстосницата меѓу булеварот Партизански одреди и булеварот 8.Септември и придонесоа да се намали сообраќајниот метеж што со години се создаваше на оваа крстосница.

Со овој градежен зафат се овозможи ослободување на третата коловозна лента од двете страни на сообраќајницата и поголема проточност на возилата по сите три ленти на булеварот Партизански одреди. За овој градежен зафат Градот Скопје одвои околу 1,6 милиони денари.

# АСФАЛТИРАНИ НОВИ УЛИЦИ НА ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА „БУТЕЛ"

Повеќе улици и патеки на Градските гробишта „Бутел" добија нов асфалт. Асфалтирана е вкупна површина од 5 400 квадратни метри. За овој градежен зафат Градот Скопје потроши околу 6,5 милиони денари, а на терен работеа градежниците на ЈП „Улици и патишта".

Градот Скопје изврши и целосно заградување на Градските гробишта „Камник" со ограда долга 966 метри. За таа цел од Буџетот на Град Скопје беа одвоени околу 2,5 милиони денари.

# ПРОШИРЕНА КРСТОСНИЦАТА КАЈ МОМИН ПОТОК

Екипите на Град Скопје изградија трета коловозна лента на улицата Скупи, пред вкрстувањето со булеварот 8.Септември, со што оваа прометна крстосница се прошири на должина од 200 метри.

На терен беа изведени рачни и машински ископи на земја, поставен беше тампонски слој од дробен камен, а потоа површината беше асфалтирана со 395 тони асфалт. По должината на новата коловозна лента беше формиран и нов тротоар со површина од 400 квадратни метри, покриен со асфалт.



За изградба на трета коловозна лента на улицата Скупи пред крстосницата со булеварот 8.Септември од буџетот на Град Скопје се издвоени околу 3,5 милиони денари. На терен работеа екипите на ЈП„Улици и патишта“.

Со проширувањето на улицата Скупи во голема мера е зголемена безбедноста на оваа крстосница и е овозможено непречено движење на возилата, без застој.

# ОБНОВЕНА ДЕТСКАТА УЛИЦА ТОШЕ ПРОЕСКИ

Пешачката патека „Тоше Проески“ во Аеродром, позната како детска улица, доби нов лик. Патеката којашто е широка 7 метри, а долга 550 метри, беше реконструирана и поплочена со гранитни плочи, на кои се изгравирани јунаци од цртаните филмови. Патеката е комплетно осветлена, а поставена е и урбана опрема - клупи и канти за отпадоци.



Во проектот за обнова на оваа детска улица Градот Скопје учествуваше со уредување на зеленилото, поточно во поставените 96 бетонски жардиниери екипите на Градот Скопје засадија по една зимзелена садница и по 2 хризантеми. Засадени се вкупно 96 зимзелени садници и 192 хризантеми, за што се вложени околу 500 000 денари.

Со уредувањето, детската улица во Аеродром стана многу попријатно катче каде што младите може да се собираат и да се дружат.

# НОВА ВОДОВОДНА МРЕЖА НА УЛИЦАТА ВАСКО КАРАНГЕЛЕВСКИ




Нова водоводна мрежа долга 350 метри е изградена по должината на улицата Васко Карангелевски со што долгорочно се реши еден од најголемите проблеми во овој дел од Стар Аеродром.

Новата водоводна мрежа се градеше од крстосницата на улицата Васко Карангелевски со улицата Трета македонска бригада до крстосницата кај поликлиниката „Јане Сандански". На овој потег се поставени два цевковода – првиот со профил од 150 милиметри за високата зона и вториот со профил од 300 милиметри за ниската зона. За овој значаен градежен зафат Градот Скопје одвои околу 7 милиони денари.

Изградбата на новата мрежа овозможи поквалитетно водоснабдување за станбените згради во Стар Аеродром, како и за новите згради што се градат по должината на улицата Трета македонска бригада.

# СЕ РЕКОНСТРУИРА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА ВО СТАЈКОВЦИ



Реконструкцијата на главните водови од водоводната мрежа во Стајковци заврши во предвидениот рок. Ќе следува изведба на приклучоците до куќите во ова населено место.

- Стајковци е едно од поголемите населени места во Општината Гази Баба, со околу 500 домаќинства кои со години се соочуваа со чести дефекти на старата и дотраена водоводна мрежа. Сега се создадоа услови за нејзина целосна реконструкција, па старите цевки ќе се заменат со нови полиетиленски цевки со профил од 100 милиметри, со што населението ќе добие поквалитетно водоснабдување - објаснува градоначалникот Коце Трајановски.

Реконструкцијата на водоводната мрежа е резултат на добрата соработка на Градот Скопје и Општината Гази Баба. За нејзината реализација се планирани околу 18 милиони денари, од кои 15 милиони се од ЈП „Водовод и канализација", а 3 милиони денари се од буџетот на Општината Гази Баба.

# АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА УЛИЦАТА ПЕРО НАКОВ

Изградена е атмосферска канализација на улицата Перо Наков и на улицата 840БИС во општината Гази Баба. Реконструиран е и оштетениот коловоз на крстосницата на улицата Благоја Стефковски со улицата Перо Наков и улицата 840БИС.

На овој дел од улицата Перо Наков и на улицата 840БИС за време на обилните дождови водите се собираа на коловозот, а сообраќајот се одвиваше отежнато. Значајно е и што, како дел од овој градежен зафат, Градот Скопје на оваа делница изгради тротоари по коишто граѓаните можат безбедно да се движат. Вкупната вредност на проектот е околу 2,8 милиони денари.

# СЕ ДОГРАДУВА ФЕКАЛНИОТ КОЛЕКТОР ВО ИНЏИКОВО



Изградбата на фекалниот колектор долг 1 300 метри во населбата Питу Гули, Инџиково, е во тек. Овој проект е заедничка инвестиција на Градот Скопје, општина Гази Баба и ЈП„Водовод и канализација". Досега се изградени 410 метри од новата фекална мрежа, а градежните работи ќе продолжат кога ќе се подобрат временските услови.

Со изградба на овој колектор ќе се решат долгогодишните проблеми на жителите од овој дел на општината Гази Баба. Изградбата на колекторот ќе го реши одведувањето на фекалните води од населбите Тумба и Питу Гули, како и на дел од населбите Методија Андонов Ченто и Камник, со што ќе се создадат услови да отпадне од употреба препумпната станица во Маџари и ќе се спречи поплавувањето и излевањето на отпадната вода.

# СЕ ГРАДИ ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ЈУРУМЛЕРИ

Од примарната фекална канализација за населените места Јурумлери, Гоце Делчев и Трубарево што почна да се поставува оваа есен досега се изградени 1 200 метри. Проектот за изградба на фекалната канализација за овој дел од општината Гази Баба е заеднички проект на Градот Скопје, Владата на Република Македонија и општината Гази Баба. Од овој проект корист ќе имаат повеќе од 12 000 граѓани кои сега користат септички јами. Овој капитален проект Градот Скопје ќе го поддржи со 19 милиони денари.





Екипи на ЈП„Улици и патишта" и на ЈП„Паркови и зеленило" пред еден месец целосно го исчистија Усјанскиот канал, во должина од 3 500 метри. Акцијата се спроведе во општината Аеродром – населба Лисиче и село Горно Лисиче и во општината Кисела Вода – во Усје и Градинар.

Од каналот се извадени околу 10 000 кубни метри ѓубре, градежен шут и мил.

# ДРИСЛА ЌЕ ПРЕРАСНЕ ВО СОВРЕМЕНА ДЕПОНИЈА



Депонијата „Дрисла“ наскоро ќе прерасне во современо складиште за депонирање на комуналниот отпад и индустриски комплекс за трансформација на ѓубрето во енергија и секундарни суровини. За таа цел, градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и Максимилијано Ферацоли, управител на конзорциумот составен од FCL AMBIENTE SRL и UNIECO SCC COOP од Италија, на 4 јануари 2013 година потпишаа договор за заедничко вложување во Јавното претпријатие депонија „Дрисла“, со цел вршење концесиска дејност. Договорот за концесија е во траење од 35 години.

- Конзорциумот со кој го потпишавме овој договор понуди најдобро решение за депонијата „Дрисла“. Вкупната инвестиција за трансформирање на „Дрисла“ ќе изнесува 73 милиони евра. Вложувањето на средствата е планирано да се изврши во период од од 4 до 5 години во кои депонијата ќе прерасне во индустрија, во која отпадот ќе се трансформира во енергија или гориво и репроматеријал, секундарна суровина, со што драстично ќе се намали количеството отпад што трајно ќе биде одложуван на депонијата и ќе има поголема искористеност на повторно обновливите делови. Се надевам дека Градот Скопје ќе добие една современа фабрика, во која ќе учествува со вложување од 20 насто од вкупниот влог, а ќе добива 20 насто профит - истакна градоначалникот Трајановски, на потпишувањето на договорот.

ФЦЛ Амбиенте МК ДООЕЛ ги планира следниве чекори во управувањето и депонирањето на отпадот:

1) Изведба и ставање во функција на постројка за пакување отпад, со автоматска сепарација на метали кои содржат, и метали кои не содржат железо, интегрирана со линија за рачна сепарација на пластика со цел да се искористат повторно обновливите секции преку рециклирање, а која ќе овозможи да се намали волуменот на отпадот кој ќе биде одложуван на депонијата и ќе го намали создавањето на исцедокот.

2) Првични мерки за итни интервенции на депонијата и истовремен почеток на студии за продлабочени истражувања на депонијата, со цел да се финализира конечен проект за почеток на активностите за безбедно одлагање на насобраниот отпад и зачувување на животната средина.

3) Автоматска постројка, за сортирање, селекција и третирање на комунален отпад и отпад сличен на комуналниот, со искористување на одвоените фракции и производство на RDF (RefuseDerivedFuel), со капацитет од над 250 000 тони годишно.

4) Постројка за компостирање отпад од зеленило и соодветна постројка за производство на висококвалитетен компост.

5) Постројка за третирање на инертен отпад, или отпад кој произлегува од градежната оператива и уривања, со искористување на повторно обновливите фракции.

6) Постројка за третман на индустрискиот отпад.

7) Интервенции за обезбедување на депонијата со каптажа на биогасот, зафати за прифаќање и третирање на исцедокот.



# ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ ЗА ПРВПАТ ВО СКОПЈЕ

Скопјани за првпат добија можност отпадот од своите домаќинства да го одлагаат во подземни контејнери. Овој проект придонесе за осовременување на системот за складирање и подигање на комуналниот отпад и за подобрување на јавната хигиена во градот.



Екипи на Градот Скопје во централното градско подрачје поставија 14 платформи со по 3 подземни контејнери за одлагање мешан отпад и ПЕТ амбалажа, а на две локации во општината Чаир поставија и две платформи со по два контејнера.

Системот кој ќе се користи за вадење и спуштање на контејнерите, односно за нивно празнење, работи на хидрауличен погон и е еден од најсовремените во регионот. Оваа операција е овозможена со новите возила со коишто е опремено ЈП „Комунална хигиена".

Носител на Проектот за поставување подземни контејнери е ЈП „Комунална хигиена". За негова реализација се издвоени вкупно 33,2 милиони денари, од кои 10 милиони денари инвестираше Градот Скопје, 6 милиони денари Општина Центар, а 17,2 милиони денари ЈП „Комунална хигиена".

# 200 НОВИ ПЛАСТИЧНИ КОНТЕЈНЕРИ ЗА СЕЛЕКТИРАН ОТПАД

За потребите на ЈП „Комунална хигиена" набавени се 200 пластични контејнери за комунален отпад со кои ќе се заменат старите метални контејнери поставени на градските улици.

- Со цел да се подобри подигањето на отпадот на територијата на градот Скопје набавени се 200 пластични контејнери, со зафатнина од 1,1 м3. Сто и педесет контејнери се со зелена боја и зелен капак и се наменети за одлагање комунален отпад, а 50 се со зелена боја и жолт капак и се наменети за одлагање ПЕТ-амбалажа. Со поставувањето на новите контејнери, кои се отпорни на надворешни влијанија и се тешки само 25 килограми, ќе се подобри изгледот на градот и ќе се олесни работата на вработените во ЈП „Комунална хигиена" - изјави градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на новите садови за отпад.



За набавката на новите пластични контејнери за одлагање комунален отпад и за селективно собирање на отпадот, ЈП „Комунална хигиена" од својот буџет издвои околу 2,4 милиони денари, без ДДВ.

# НОВИ ВОЗИЛА ЗА ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“



Јавното претпријатие „Комунална хигиена“ се поднови со 10 нови специјализирани возила за собирање смет и 5 мотокултиватори. Новите камиони за собирање смет може да се движат во помалите и тесни улички, а мотокултиваторите се со комплетна приклучна опрема, односно со приклучок за собирање снег во зима, четки за метење тротоари и патеки, фреза и друга опрема.

За набавка на 10-те камиони се издвоени околу 9 милиони денари, а за мотокултиваторите околу 2 милиона денари, средства коишто се целосно обезбедени од ЈП „Комунална хигиена“.

# ВИЕНА ДОНИРА ТРИ ВОЗИЛА ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА



Градот Виена на Градот Скопје му донира три возила коишто Градот ги даде на користење на јавните претпријатија „Комунална хигиена“ и „Улици и патишта“. Двата камиона за собирање смет се со зафатнина од 16 кубни метри и со нивната употреба ќе се подобрат капацитетите на ова претпријатие, за чии потреби во изминатите години се набавени 60 нови камиони со различна зафатнина.

Третото донирано возило, што Градот Скопје го даде на ЈП „Улици и патишта“ е камион кипер-соларка што во текот на зимата може да се користи од зимската служба.

Градоначалникот Коце Трајановски на амбасадорот на Република Австрија во Република Македонија, Н.Е. Томас Михаел Баер, му врачи благодарница од Град Скопје за оваа донација.

Градот Скопје и годинава ја поддржа и учествуваше во акцијата „Македонија без отпад 2013", што во октомври се одржа во организација на Министерството за животна средина и просторно планирање. Екипите на Град Скопје ја расчистија дивата депонија во близина на улицата 3.Македонска бригада, под железничкиот надвозник и упатија порака за одговорно одложување на комуналниот отпад.

# ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА СООБРАЌАЈОТ



Управување со семафорскиот систем, набљудување на сообраќајот, давање приоритет на возилата од јавниот градски превоз и информирање на возачите, се главните функции на новоопремениот Центар за управување и контрола на сообраќајот, лоциран во просториите на Меѓуградската автобуска станица, кој што почна да работи на 26 јули 2013 година. Со Центарот се поврзани 30 крстосници во градот од коишто може да се врши прибирање на податоци за сообраќајот во реално време.

Формирањето на овој центар е дел од проектот за Автоматизирано управување на сообраќајот во Скопје кој почна да се реализира на почетокот на 2013 година и е финансиран со заем од Европската банка за обнова и развој од 2,6 милиони евра, грант од ЕУ ФП7 програмата за истражување и развој, во рамки на проектот ЦИВИТАС РЕНЕСАНСА (CIVITAS RENAISSANCE), во износ од околу 220 000 евра, како и со техничка помош од Австриската влада во вредност од околу 700 000 евра.

- За да се исполнат целите на Центарот на околу 90 крстосници во градот во коловозот се инсталираат детектори кои ќе бројат и детектираат возила, се поставуваат 50 камери преку кои ќе се врши визуелен мониторинг на сообраќајните токови и се инсталираат 47 нови семафорски контролери. За меѓусебно поврзување на крстосниците, како и нивно поврзување со Центарот за управување и контрола на сообраќајот е предвидена оптичка мрежа која треба да овозможи пренос на податоците до Центарот за управување и контрола на сообраќајот и обратно. Со овој проект е предвидено и да се постават 5 сообраќајни знаци со променлива содржина кои ќе ги информираат возачите за состојбата со сообраќајот во реално време. Со формирањето на овој Центар, на крстосниците ќе се воведе адаптивна контрола на сообраќајот. Тоа значи дека во иднина семафорите на овие крстосници ќе работат во зависност од сообраќајното оптоварување, односно зеленото светло нема да биде фиксно како што е денес, туку ќе биде променливо во зависност од бројот на возила кои поминале преку детекторите инсталирани во коловозот – објаснува градоначалникот Коце Трајановски.

Со реализацијата на овој проект ќе се намали времето на патување и времето на чекање за поминување на крстосниците, ќе се намали загадувањето на животната средина и потрошувачката на гориво, а ќе се зголеми комерцијалната брзина во јавниот транспорт.







# КОМПЛЕТНО ОБНОВЕН ВОЗНИОТ ПАРК НА ЈСП




Со ставањето во употреба на новите 79 двокатни автобуси, на почетокот на 2013 година Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“ целосно го обнови својот возен парк. Со заокружувањето на обемниот проект за обнова на возниот парк на ЈСП на градските улици сега сообраќаат вкупно 312 нови автобуси, од кои 80 се нископодни од украинската компанија „ЛАЗ“, 216 се двокатни автобуси и 16 се минибуси од„Јутонг“ од Кина.

- Проектот за обнова на возниот парк на ЈСП „Скопје“ е резултат на добрата соработка на Градот Скопје со Владата на Република Македонија. Новите автобуси се изработени според сите водечки технологии и ги исполнуваат сите потребни стандарди, опремени се со еко-мотори, дигитален тахограф, автоматски управувана рампа за инвалидски и детски колички, целосно се климатизирани и многу поудобни од автобусите кои во минатото се користеа во градскиот превоз – објаснува градоначалникот Коце Трајановски.

## ЈСП „СКОПЈЕ“ – 65 ГОДИНИ НАШ ВЕРЕН СОПАТНИК

Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“ на 17 јануари 2013 годината одбележа 65-годишнината од своето основање. Претпријатието е основано на 17.01.1948 година и оттогаш се развива заедно со растот и развојот на Скопје. Според пресметките, од своето формирање досега, автобусите на ЈСП поминале 800 милиони километри и превезле 5,5 милијарди патници.

Денес ЈСП „Скопје“ е модерно јавно претпријатие коешто располага со нови, најсовремено опремени автобуси и превезува околу 50 милиони патници годишно.

# НОВИ АВТОБУСКИ ПОСТОЈКИ ВО ГРАДОТ



На 100 автобуски стојалишта на повеќе локации низ Скопје се поставени нови и уредени постојки, како дел од обемниот проект на Град Скопје и на ЈСП. Вкупно треба да се постават 226 автобуски постојки.

- Со реализацијата на оваа активност граѓаните добија нови, модерни и уредени автобуски стојалишта, според нивните барања, и сметам дека целосно ќе бидат задоволени сообраќајните стандарди. За набавката на 226 стојалишта Градот Скопје од Буџетот ќе издвои околу 66 милиони денари, во три фискални години - објаснува градоначалникот Коце Трајановски.

Новите постојки се класифицирани во две групи: Тип А – 178 постојки (со димензии 4,2 метри должина и 1,4 метри ширина) и Тип А двојна– 48 постојки (со димензии 8,4 метри должина и 1,4 метри ширина). Сите типови на стојалишта се состојат од: настрешница (носечки столбови и конструкција со покрив); застаклени површини меѓу столбовите со сигурносно калено стакло; информативна табла со име на постојката, мапа на градот, како и возен ред на автобусите кои поминуваат на автобуската постојка; клупа за седење и канта за отпадоци.

# РЕШЕН ХАОСОТ СО РЕКЛАМИРАЊЕТО

Унифицирани билборди според типот и обликот се поставени на повеќе локации на јавните површини во Скопје, со што се воведе ред во рекламирањето. Новите унифицирани рекламни паноа треба да бидат поставени на вкупно 1100 локации низ градот, односно 800 билборди, 252 сити лајти и 48 LCD панели.

- На двата јавни огласи што ги распиша Градот Скопје за поставување рекламни паноа на подрачјето на градот се избрани 4 концесионери - компаниите „Акцент медиа“, „Скрин – медиа“, „Кала плакат“ и „Медиа – С“. Секој концесионер доби пакет со ист број рекламни паноа и тоа, по 200 локации за поставување билборд, по 63 локации за сити лајт и по 12 локации за LCD панел – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Обликот и материјалот од кој се изработени новите рекламни паноа се одредени во Студијата за рекламни паноа што за Градот Скопје ја изработи надворешен консултант избран на јавен повик.

- Секој концесионер сам си ги изработува рекламните паноа, според зададениот стандардизиран тип за билборд, сити лајт и LCD панел. За користење на локациите за рекламни паноа секој концесионер е должен на Градот Скопје да му плаќа годишен надоместок од 302 000 евра. На годишно ниво по овој основ во касата на Градот Скопје ќе се слеат 1 208 000 евра –истакна градоначалникот Трајановски.









# СКОПЈЕ ЈА ДОБИ ПРЕСТИЖНАТА МЕЃУНАРОДНА НАГРАДА „ГРАДСКИ ТРОФЕЈ 2013“

Градот Скопје ја доби престижната награда „Градски трофеј 2013“ за јавен превоз и за групен туризам што секоја втора година ја доделува Меѓународната унија за патен транспорт (ИРУ). Таа им оддава признание и ги наградува локалните власти низ светот кои имплементираат проактивни политики за одржлив транспорт, мобилност и ефикасен јавен превоз. Градот Скопје ја доби оваа награда за неговата севкупна амбициозна политика за одржливи мерки за мобилност на граѓаните и посетителите, современа сообраќајна инфраструктура и промовирање на Градот Скопје како атрактивна туристичка дестинација.

-Ми претставува особено задоволство што Интернационалното жири за „Градски трофеј“ ги препозна напорите на Град Скопје за организирање квалитетен јавен превоз и за комплетна замена на возниот парк на Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“, и во името на моите сограѓани изразувам голема благодарност. Градот Скопје во последниве некоку години интензивно работи на подобрување на патната инфраструктура и на јавниот превоз, на збогатување на туристичката понуда, на промоција на организирани туристички посети со водичи и со туристички автобуси, како и на приближување на сите туристички дестинации во Скопје и во неговата околина до посетителите. Во истата насока продолжуваме и натаму. Упатувам искрена покана до сите патници намерници да го посетат Скопје и со себе да понесат незаборавни спомени – рече градоначалникот Коце Трајановски, на доделувањето на оваа престижна награда во Кортрејк, Белгија.

Во потесна конкуренција за наградата „Градски трофеј“ се најдоа градовите Малме, Ковентри, Ливерпул и Виена, меѓу кои меѓународната жири-комисија го издвои како најуспешен градот Скопје.

-Интернационалното жири беше импресионирано од квалитетот и сеопфатноста на досието доставено од Скопје, кое ги опфати практично сите аспекти од критериумите за извонредност за „Градски трофеј“. Интернационалното жири смета дека, иако се уште има простор за подобрување, презентацијата на Скопје се истакна меѓу другите досиеја поради силното политичко водство, посветеноста и „срцето и душата“ вдахнати во него, од сите оние што придонесуваат за имплементација на цврстата политика на градот, која е проактивна и наклонета на автобускиот превоз и групниот туризам, истовремено промовирајќи го имиџот на автобусите и туристичките автобуси, и пред граѓаните и пред посетителите. Скопје е пример на којшто треба да се угледаат европските метрополи – објаснува Ив Манерт, потпретседател на ИРУ и член на жирито за „Градски трофеј“.

Во Меѓународната унија за патен транспорт (ИРУ) членува Стопанската интересна заедница за патен транспорт „Македонија Сообраќај“ АМЕРИТ, чиј член е и Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“.

*Завршија 9. и 10. циклус посети на скопските општини*

# НЕПОСРЕДНО СО ГРАЃАНИТЕ ЗА УРБАНИТЕ ПРОБЛЕМИ



Градоначалникот Коце Трајановски заедно со претставници на секторите во Град Скопје и директорите на јавните градски претпријатија во 2013 година двапати ги посетија скопските општини и непосредно разговараа со граѓаните за нивните проблеми од областа на урбаното живеење.

- На овие средби граѓаните директно или преку нивните претставници од урбаните и од месните заедници имаат можност да разговараат со градските служби и со јавните претпријатија за проблемите со коишто се соочуваат во нивното секојдневие, да понудат предлози и идеи за нивно надминување и да дадат предлози за подобрување на работата на јавните претпријатија. Досегашните средби резултираа со реализирање голем број проекти што ги предложија општините и граѓаните, пред се во областа на сообраќајот, комуналната хигиена и јавниот превоз. Овие средби се покажаа како многу позитивни. Тие претставуваат транспарентен начин на работење на локалната самоуправа, во насока на подобрување на животот на граѓаните на Скопје – објаснува градоначалникот Трајановски.

Во текот на 2013 година, во двата циклуса посети на скопските општини граѓаните даваа најмногу сугестии за работењето на ЈСП, побараа да се воведат нови автобуски линии, да се зголеми фреквенцијата на автобусите, да се прошират некои тесни сообраќајни грла и да се изгради атмосферска канализација. Градоначалникот Трајановски на средбите со граѓаните ги претстави и проектите што Градот Скопје планира да ги реализира на подрачјето на скопските општини во наредната, 2014 година.

# ГРАДОТ СКОПЈЕ ДОБИ СЕРТИФИКАТ ИСО 9001:2008

Градот Скопје го доби Сертификатот за системот за управување со квалитет во согласност со стандардот ИСО 9001:2008, од меѓународната сертификациска куќа „Биро Веритас“ од Париз, подружница Љубљана. Опсегот на сертификација на Системот за управување со квалитет е Развој и давање услуги во надлежност на локалната самоуправа и Град Скопје како посебна единица на локалната самоуправа.

Системот за управување со квалитет ќе придонесе за подигнување на квалитетот на услугите спрема граѓаните и бизнис-заедницата од администрацијата на Град Скопје, според однапред дефинирани и стандардизирани процедури.

Подготовката за воведување на Системот за управување со квалитет траеше 6 месеци и со целосна посветеност на вработените во Градот Скопје беа изработени процедурите и работните процеси на Системот. Проверката на стандардизираните процеси беше извршена во периодот од 25 до 27 февруари 2013 година од регионалната подружница на „Биро Веритас“ од Љубљана, што резултираше со издавање на сертификатот ИСО 9001:2008 на Град Скопје. Сертификатот ќе важи до 07.03.2016 година.



*Во Центарот за дарување крв во ДХО „Даре Џамбаз“*

# РЕАЛИЗИРАНИ 1982 КРВОДАРУВАЊА



Во новоотворениот Центар за дарување крв во Домот на хуманитарни организации „Даре Џамбаз“, од неговото отворање на 18 април 2013 година до денеска се реализирани 1982 крводарувања. Центарот работи од понеделник до петок, од 10 до 17 часот, а во сабота од 09 до 14 часот. Донираната крв се испраќа во Институтот за трансфузиона медицина.

Отворањето на Центарот за дарување крв е резултат на одличната соработка на Црвениот крст на град Скопје, Црвениот крст на Република Македонија, Институтот за трансфузиона медицина и Градот Скопје.

# ПРВ СЕМЕЕН ЦЕНТАР НА ГРАД СКОПЈЕ

На 28 октомври почна да работи Првиот семеен центар на Град Скопје, што се наоѓа зад Универзалната сала. Центарот претставува прво специјализирано советувалиште во Македонија кое нуди психо-социјална поддршка и третман на семејства коишто се во конфликтни односи, во кои акутно се врши насилство или пак во изминатиов период постоело семејно насилство.

Во периодот до 15 декември во Првиот семеен центар се понудени услуги на вкупно 20 корисници, од кои 4 добиле телефонски услуги и се препратени до соодветна институција/здружение на граѓани, а 16 лица се примени на приемно интервју како клиенти на овој центар. Најголем дел од клиентите на Центарот или 7 лица се жртви на семејно насилство, 2 лица се сторители на семејно насилство, 2 лица се деца од семејство со семејно насилство и 5 лица се преостанати членови на семејства кои учествуваат во советувањето. Најголемиот број од жртвите на семејно насилство кои се корисници на семејниот центар се жени на возраст од 40 – 50 години, кои се вработени и кои живеат во брачна заедница.




# ЛИФТ И ЛИФТОВСКА ПЛАТФОРМА ВО СУГС „АРСЕНИ ЈОВКОВ“



Во средното училиште „Арсени Јовков“ е ставен во употреба лифт и лифтовска платформа за лица со посебни потреби со што се овозможи непречено следење на наставата во оваа образовна институција од лицата со посебни потреби.

За реализација на овој проект од Буџетот на Град Скопје за 2013 година се издвоени околу 3 милиони денари, а финансиска поддршка даде и домаќинот, средното училиште „Арсени Јовков“.

# 47 МИЛИОНА ДЕНАРИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА



Градот Скопје, како и изминатите години, и во 2013 година за време на летниот распуст ги реконструираше училишните згради и фискултурните сали на средните училишта. Годинава се изврши реконструкција во 16 средни училишта, и тоа:

- Во СУГС „Владо Тасевски" - реновирани се санитарните јазли и се извршени преградувања во училниците,
- Во СУГС „Никола Карев" - се реконструирани подовите во училниците,
- Во СУГС „Панче Караѓозов" извршена е реконструкција на покривот,
- Во СУГС „Орце Николов" е заменета внатрешната столарија,
- Во СУГС „Браќа Миладиновци" се заменети прозорците,
- Во СУГС „Георги Димитров" се реконструирани подовите,
- Во СУГС „Марија Кири-Склодовска" е извршена реконструкција на електричната мрежа,



- Во СУГС „Арсени Јовков" е заменета внатрешната столарија,
- Во СУГС „Здравко Цветковски" е извршена реконструкција на санитарните јазли,
- Во СУГС „Михајло Пупин" се реконструирани санитарните јазли,
- Во СУГС „8 Септември" заменети се прозорците,
- Во СУГС „Панче Арсовски" извршена е реконструкција на покривот на спортската сала,
- Во СУГС „Васил Антевски-Дрен" се реконструирани санитарните јазли и се заменети прозорците,
- Во СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин" е заменета внатрешната столарија,
- Во СУГС „Лазар Танев" и во СУГС „Боро Петрушевски" се реконструирани санитарните јазли.

Градот Скопје за реализација на овој проект од својот Буџет издвои околу 47 милиона денари.

# ГРЕЕЊЕ НА ГАС ВО ДВЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА



Средните училишта „Георги Димитров" и „Здравко Цветковски" од почетокот на 2013 година се греат на гас. Гасификацијата на средните училишта е проект со чија реализација Градот Скопје придонесува за почиста животна средина, зашто ќе се замени користењето на течното гориво (масло за домаќинства, мазут) со природен гас, ќе се елиминира емисијата на сулфурдиоксид и саѓи, ќе има големо намалување на азотните оксиди и значително намалување на јаглероддиоксидот.

- На почетокот на второто полугодие на учебната 2012/2013 година го ставаме во употреба котелот на гас во СУГС „Георги Димитров", дел од проектот за гасификација на две средни училишта кој изнесува 6.490.000 денари. Во овој проект спаѓа и гасификацијата на СУГС „Здравко Цветковски". Досега за греење на училиштето се трошеле околу 4 милиони денари. По воведувањето на гасификацијата се очекува заштедата да биде од 45 до 50 насто, а повратокот на инвестицијата да имаме за 2 до 3 години - објасни градоначалникот Коце Трајановски, на пуштањето во употреба на пумпата на гас во СУГС „Георги Димитров".

## СПОРТСКА САЛА ЗА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ ОД „ЗЕФ ЉУШ МАРКУ"

Во дворот на средното училиште „Зеф Љуш Марку" на почетокот на 2013 година беше изградена нова спортска сала. Објектот е со површина од 1 300 квадратни метри, располага со трибина со капацитет од 400 седишта, соблекувални, туш кабини, санитарни јазли, простории за сместување на спортски реквизити, како и посебни простории за наставниците по предметот спорт и спортски активности. За изградба на оваа сала Владата на Република Македонија издвои околу 40 милиони денари.

- Изградбата на оваа сала е резултат на одличната соработка на Градот Скопје со Владата на Република Македонија, којашто без застој и успешно го спроведува проектот за изградба на 145 училишни спортски сали низ Македонија. Градот Скопје, за поврзување на оваа спортска сала кон топлификациската, водоводната и канализациската мрежа има издвоено околу 3 милиони денари – објаснува градоначалникот Коце Трајановски.



## НОВО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ВО САРАЈ

Во општината Сарај се гради ново средно училиште. Зградата ќе биде со вкупна површина од 2 020 квадратни метри и ќе има приземје, кат, подрумски простории и сопствен систем за греење. Во објектот на училиштето ќе може да се одржува квалитетна настава на албански јазик за 600 ученици, коишто ќе изучуваат повеќе струки: медицинска, економска, правна, а до колку има заинтересираност ќе се воведе и гимназиски смер.

Парите за изградба на новото средно училиште се обезбедени од Министерството за образование и наука, а средства за покривање на трошоците за комуналии се издвоени од буџетот на Град Скопје.

# КВАДРИЛ ЗА КРАЈ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА



За крај на учебната година, на плоштадот „Македонија“ на 17 мај се одржа седмата по ред „Матурска парада 2013“, а матурантите од Скопје им се придружија на своите врсници од стотина градови од земјава и од Европа кои во ис то време, точно напладне, го одиграа танцот „квадрил“ на звуците на штраусовата опера „Лилјакот“.

На годинешната „Матурска парада” во Скопје учествуваа 1000 ученици од СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин“, СУГС „Никола Карев“, СУГС „Јосип Броз Тито“, СУГС „Панче Арсовски“, СУГС „Браќа Миладиновци“, СУГС „Георги Димитров“, СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“, СЕПУГС „Васил Антевски Дрен“, СЕПУГС „Арсени Јовков“, СУГС „Марија Кири-Склодовска“, СГГУГС „Здравко Цветковски“, СУГС „Владо Тасевски“, АСУЦ „Боро Петрушевски“, СУГС „Димитар Влахов“, СУГС „Орце Николов“, СУГС „Лазар Танев“, ДМБУЦ „Илија Николовски- Луј“, ДУФК „Методија Митевски-Брицо“ и Приватната 5-та гимназија.

## ОТВОРЕН КАРИЕРЕН ЦЕНТАР ВО СУГС „ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ“

Во просториите на СУГС „Здравко Цветковски“ е отворен Кариерен центар во кој учениците може да се информираат и да се советуваат за идното образование и кариерата што сакаат да ја одберат, како и за побарувањата на пазарот на трудот. Со тоа е означен стартот на отворањето на кариерни центри во уште десет училишта на Градот Скопје, вклучени во проектот „Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување“ имплементиран од УСАИД мисијата во Македонија.

## 100 ГОДИНИ СУГС „ВАСИЛ АНТЕВСКИ-ДРЕН“

Средното училиште на Град Скопје „Васил Антевски–Дрен“ на 27 октомври 2013 година го прослави големиот и значен јубилеј - 100 години од своето постоење како образовна институција, којашто со напорен труд помогнала во созревањето и оформувањето на голем број млади личности коишто денес се одговорни и успешни, односно високо квалификувани генерации од економската и од правната струка.

# ЛИГА НАТПРЕВАРИ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

На 11 декември почнаа лига-натпреварите во женска и во машка конкуренција меѓу екипи од средните училишта во Скопје за учебната 2013/14 година. Во оваа учебна година во системот на натпревари учествуваат 268 екипи и ќе се одиграат околу 1000 натпревари, во кои ќе учествуваат околу 6 000 ученици од 28 училишта - 21 средно училиште на Град Скопје и уште 7 приватни и државни средни училишта. Средношколците ќе се натпреваруваат во ракомет, кошарка, футсал, одбојка, стрелаштво, куглање, ракомет на песок, одбојка на песок и во други спортови, а најдобрите екипи и ученици од колективните и индивидуалните спортови ќе одат на меѓудржавни натпревари во соседните земји.



# ПРОШИРЕНА ТРИМ ПАТЕКАТА ВО ПАРК-ШУМАТА „ГАЗИ БАБА“

Скопјани во октомври добија уште едно катче за рекреација и спортување во природа. Трим патеката во парк шумата „Гази Баба“ беше реконструирана и проширена во должина од 2 140 метри, покрај неа се поставени 4 трим станици со по пет фитнес реквизити, а изградена е и една куќарка којашто ќе ја користат чуварите на трим патеката.

За овој проект Градот Скопје издвои околу 1,8 милиони денари.





На иницијатива на градоначалникот Коце Трајановски, во 2013 година за првпат во Скопје се организираше промотивно возење на велосипеди по градските улици со цел да се промовира велосипедот како алтернативно превозно средство и да се поттикнат граѓаните да користат велосипед во своето секојдневно движење.

# ДЕФИЛЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ НА ДЕНОТ БЕЗ АВТОМОБИЛИ

Неколку илјади граѓани, ученици, рекреативци и вљубеници во велосипедизмот на 20 септември учествуваа во големото дефиле на велосипеди што по градските улици се возеше по повод Денот без автомобили и Европската недела на мобилноста.





Просторот пред Школката во Градскиот парк беше претесен за да ги собере сите ученици, екологисти и вљубеници во природата кои се дружеа со песни, играа едукативни игри, испишуваа еко-пораки, цртаа на тема екологија, испратија пораки за здрава околина и активно се вклучија во одбележувањето на 5 Јуни – Светскиот ден на заштитата на животната средина. Мотото на годинешното одбележување на 5 Јуни беше „Мисли – јади – заштитувај“, тема дадена од Програмата за животна средина на Обединетите нации со цел да се испрати апел храната да се купува и троши умерено и да се намали количеството употреблива храна што завршува на отпад.

Одбележувањето на Светскиот ден за заштита на животната средина во Градскиот парк беше во организација на Град Скопје и на Министерството за животна средина и просторно планирање.

# ПАРК НА 100 ДРВЈА НА БУЛЕВАРОТ МИТРОПОЛИТ ТЕОДОСИЈ ГОЛОГАНОВ



Екипи на Градот Скопје подигнаа нов тревник и со зеленило го уредија новиот Парк на 100 дрвја што никна меѓу булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов и улицата Јуриј Гагарин. Досега во овој парк се засадени 87 листопадни садници од кои 29 јасени, 13 платани, 20 цреши, 6 јавори, 3 садници од видот мимози и 16 садници од видот catalpa. Во паркот има и алпинетум со засадени садници, перени и сезонско цвеќе, а е поставен и еден летниковец.



На терен работеа екипите на ЈП „Паркови и зеленило", а за реализација на овој проект од Буџетот на Градот се издвоени околу 3,7 милиони денари.

# ЦВЕЌИЊА ГО РАЗУБАВИЈА ГРАДОТ

Двесте илјади темјанушки и педесет илјади хризантеми се засадени во акцијата за разубавување на јавните површини во градот со есенско цвеќе. Цвеќињата се засадени во сите 10 скопски општини, односно по жардиниерите на сите булавари, во зелените површини на кружните текови, во Паркот „Македонија", Градскиот парк, Паркот „Жена-борец", паркот во општина Чаир и зелените површини пред општина Чаир , пред општината Бутел и сите други зелени површини.

За реализација на овој проект Градот Скопје од Буџетот издвои 1,8 милиони денари.





# ОБНОВА НА ДРВОРЕДИТЕ

Со засадување осумдесетина листопадни садници во дрворедите од двете страни на булеварот Борис Трајковски оваа есен почна акција за обнова на дрворедите по должината на улиците и на булеварите во сите 10 скопски општини.

Станува збор за акција на Градот Скопје и на ЈП „Паркови и зеленило" која ќе трае до крајот на месец март, во која ќе се обноват веќе постојните дрвореди по улиците и булеварите или ќе се оформат нови дрвореди на улиците и булеварите кои се во надлежност на Градот.

Во оваа акција во дрворедите по улиците и по булеварите ќе се засадат вкупно 2 177 садници, од кои во Општина Аеродром ќе се засадат 401 садници, во Општина Кисела Вода 124 садници, во Општина Ѓорче Петров 63 садници, во Општина Центар 433 садници, во Општина Карпош 453, во Општина Чаир 140 садници, во Општина Бутел 300 садници, во Општина Гази Баба 178 садници, во Шуто Оризари 50 садници и во Општина Сарај 35 садници.

На терен работат екипите на ЈП „Паркови и зеленило".



# ДОДЕЛЕНИ 4 500 БЕСПЛАТНИ САДНИЦИ

Градот Скопје во пролетната и во есенската акција за доделување садници на заинтересираните урбани и месни заедници, куќни совети и образовни институции оваа година додели 4 500 листопадни и зимзелени дрвца.

На куќните совети и образовните институции на коишто им беа одобрени барањата, им беа доделени најмногу 10, а на урбаните месни заедници по 15 садници.

Акцијата на Град Скопје за доделување садници се организира веќе шест години по ред.

# „ДЕН НА ДРВОТО 2013 ГОДИНА"

Градот Скопје и оваа година традиционално ја поддржа акцијата „Ден на дрвото 2013 година". Во акцијата учествуваа вработените во Град Скопје, градоначалникот на Град Скопје, советниците во Советот на Градот, вработените во јавните претпријатија, ученици од средните училишта, претставници од невладини организации и граѓани коишто засадуваа дрвца на повеќе локации во околината на Скопје.



# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА



Градоначалникот Коце Трајановски на 25 април 2013 година оствари средба со амбасадорот на Република Словенија во Република Македонија, Н.Е. Бранко Раковец.

На средбата, амбасадорот на Република Словенија му честиташе на градоначалникот Трајановски за неговиот повторен избор на оваа одговорна функција и беа изразени желби за продлабочување на соработката меѓу двете земји на повеќе нивоа, со оглед на тоа што Скопје е збратимен град со Љубљана и развива пријателски врски со градот Марибор...

... На 25 април градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, се сретна и со Н.Е. Роман Вашчук, Амбасадор на Канада, со Живко Груевски, почесен конзул на Канада во Република Македонија и со Ѓурѓа Ѓ. Ќерамилац, директор на Одделението за економски односи при Амбасадата на Канада во Белград.

Амбасадорот Вашчук истакна дека е многу задоволен од соработката во областа на културата, образованието, соработката во бизнис секторот и во областа на информатичките технологии. Тој изрази подготвеност за продлабочување на воспоставените врски и иницираше нова соработка во повеќе области...





...На средбата што во просториите на Град Скопје се одржа на 16 мај градоначалникот Коце Трајановски и шефот на делегацијата на Европската унија во Република Македонија, Н.Е. Аиво Орав, зборуваа за одличната досегашна соработка на повеќе полиња од кои, како што рече Трајановски, поважни се договорот што Градот Скопје го потпиша со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) за кредит во вредност од 5,6 милиони евра што се користат за модернизација на контролата на сообраќајот и за реконструкција на булеварот Борис Трајковски (поранешната улица Првомајска).

Градоначалникот Трајановски и евроамбасадорот Орав се заложија за продолжување на соработката и одржување на добрите меѓусебни релации...

...Амбасадорот на Соединетите американски држави во Република Македонија, Н.Е. Пол Д. Волерс на средбата одржана на 26 април му честиташе на градоначалникот Трајановски за повторниот избор на оваа функција, а се зборуваше и за продлабочување на соработката меѓу двете земји на неколку нивоа.

Градот Скопје е збратимен со два града од САД, Темпи (1971) и Питсбург (2001), и одржува плодна соработка...





Градоначалникот Коце Трајановски во јули 2013 година оствари средба со Амбасадорката на Сојузна Република Германија во Република Македонија, Н.Е. Гудрун Штајнакер.

Штајнакер укажа на успешната соработка на Скопје со збратимените градови Нирнберг и Дрезден, со кои со години се разменуваат искуства во повеќе области од урбаното живеење...

Градоначалникот Коце Трајановски во септември се сретна со новиот амбасадор на Република Италија во Република Македонија, Н.Е. Ернесто Масимино Белели.



Амбасадорот Белели ја истакна својата мисија во промовирањето на билатералните односи на Република Италија и Република Македонија и изрази подготвеност да помогне и во развојот на соработката меѓу градовите од двете земји. Градоначалникот Трајановски зборуваше за досегашната соработка на Градот Скопје со градовите Бари и Торино со кои веќе постои потпишана спогодба за соработка. Во таа насока тој ја спомена соработката меѓу невладините организации од Скопје и од Бари, како и урбаното планирање како интересна област за соработка со Градот Торино...



На средбата што се одржа на 1 август градоначалникот Коце Трајановски и амбасадорот на Република Чешка во нашава земја, Н.Е. Мирослав Рамеш разговараа за идните проекти на Градот Скопје од областа на сообраќајот и инфраструктурата, како и за идната соработка меѓу Скопје и чешките градови.

На средбата стана збор и за можноста чешки компании да инвестираат во Скопје...



На 10 декември 2013 година градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, оствари средба со Јанис Бутарис, градоначалникот на Солун, Република Грција.

- На средбата зборувавме за продлабочување на соработката во областа на бизнисот, локалниот економски развој, образованието, културата и туризмот. Договорено е да се формира комитет составен од стручни лица кои ќе работат на зголемување и продлабочување на соработката меѓу двата града - рече градоначалникот Трајановски, по средбата.

Градоначалникот Бутарис по средбата изјави дека 5 години не го посетил нашиот главен град, но според тоа што го видел при оваа посета може да се каже дека денес Скопје е многу почист и поубав град.

# РЕКОНСТРУИРАНИ ПРОСТОРИИ ВО МКЦ

Во текот на летото во МКЦ комплетно беше реконструирано и технички доопремено Џебното кино, беше сменет сценскиот под на Киното Фросина, а беше поставена и плафонска конструкција за светло и декор по целата површина на Денсинг (концертната) сала.

- Градот Скопје со буџетски средства учествуваше и во последните технички и реконструкциски зафати кои преку целиот летен период се одвиваа во Младинскиот културен центар. Резултатите од овие активности полека го враќаат Младинскиот културен центар во полна техничко-инфраструктурна кондиција - вели градоначалникот Коце Трајановски.

Годинава од буџетот на Град Скопје, за капитални реконструкциски зафати во МКЦ, одвоени се околу 5 милиони денари, со што вкупната инвестиција од буџетот на Град Скопје и ИПА фондот на Европската комисија, за реконструкција на МКЦ, досега изнесува околу 50 милиони денари.



## ОДБЕЛЕЖАН РОДЕНДЕНОТ... НА МКЦ

По повод 40 години постоење, на 18 јануари 2013 година во Младинскиот културен центар се одржа мултикултурната манифестација „РОДЕНДЕНОТ...“. Во центарот на вниманието на прославата на овој значаен јубилеј беше отворањето на изложбата на трите генерации ликовни уметници од едно од најголемите уметнички семејства кај нас - Коџоман, во комплетно реновираната галерија на МКЦ.

## ШЕСТ БИСТИ ПОСТАВЕНИ ВО ГРАДСКИОТ ПАРК

Градот Скопје во првиот дел на Градскиот парк постави шест бисти на истакнати личности од македонската историја, и тоа на Орце Николов, Цветан Димов, Кочо Рачин, Коле Неделковски, Крсте Петков Мисирков и Никола Вапцаров. Бисти на овие личности постоеја и во минатото, но истите се уништени и однесени во средината на 90-те години од минатиот век.

Вредноста на идејните решенија, леењето на бистите и реконструкцијата на постаментите изнесува околу 1,3 милиони денари, средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје.

# „СКОПЈЕ СЕ СЕЌАВА“ - 50 ГОДИНИ ОД КАТАСТРОФАТА ВО 1963 ГОДИНА



На плоштадот „Македонија“ на 26 јули се одржа едночасовен мултимедијален перформанс „Скопје се сеќава“ во знак на одбележување на 50-годишнината од катастрофалниот земјотрес што во далечната 1963 година до темел го урна нашиот град. Во мултимедијалниот настан беа вклучени Македонската филхармонија, балетани од Македонската опера и балет и професионални актери, а приказната за Скопје ја раскажа тематски обработен видео и фотоматеријал.

Во сеќавање на жртвите од земјотресот, уметниците на сцената и присутните на плоштадот застанаа простум и кон небото пуштија 1 070 лантерни. Додека лантерните се подигнуваа кон небото, имињата на настраданите во земјотресот се испишуваа на големиот екран на сцената.

# ПОСТОЈАНА ПОСТАВКА ВО МУЗЕЈОТ НА СТАРАТА ЧАРШИЈА



На 22 јануари годинава беше отворена постојаната музејска поставка на експонати од старите скопски занаети, сместена во Музејот на Старата скопска чаршија, во Сули-ан. Просторот за музејската поставка се реновираше и адаптираше во 2011 и во 2012 година, а Градот Скопје за оваа намена од Буџетот издвои 3,4 милиони денари.

Градот Скопје комплетно реновира 4 дуќани во Старата чаршија, на улицата Пушкарска, кај Музејот на Македонија, за што одвои 3 милиони денари. Дуќаните им се предадени на 5 годишно користење на Македонската артисанска трговска асоцијација – МАТА којашто има задача да ги опреми, да ги менаџира и да ги одржува. Дуќаните се наменети за пласирање производи од занаетите во изумирање.

# ОТВОРЕНА СПОМЕН-СОБА НА БРАЌАТА МИЛАДИНОВЦИ

Во просториите на градската библиотека „Браќа Миладиновци“ на 24 октомври беше отворена Спомен-соба на браќата Миладиновци - „Т`га за југ“.

- Со опремувањето и отворањето на Спомен-собата на браќата Миладиновци „Т`га за југ“, ние како нивни потомци им се оддолжуваме за големиот и непроценлив придонес што тие го дадоа како просветители и едни од главните претставници на македонската преродба - вели градоначалникот Коце Трајановски.

Во овој проект Градот Скопје учествуваше со милион денари.



# ЗБОРНИКОТ НА БРАЌАТА МИЛАДИНОВЦИ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

Во Спомен-собата „Т`га за југ“ во библиотеката „Браќа Миладиновци“ беше промовиран Зборникот на браќата Миладиновци на албански јазик. Издавањето на Зборникот на албански јазик го реализираше Градската библиотека „Браќа Миладиновци“, а е целосно финансиски поддржано од Град Скопје.



# ОТКРИЕНА СПОМЕН-ПЛОЧАТА НА ДОМОТ НА ВАСИЛ ИЉОСКИ

На куќата на улицата Владимир Полежановски број 12 во којашто живеел и творел великанот на македонската драмска литература Васил Иљоски е откриена спомен-плоча. Со оваа спомен-плоча Градот Скопје оддава почит и благодарност на личноста и делото на великанот на македонската драмска литература и дава придонес кон информирањето на скопјани за локации и личности кои дале силен печат врз јавниот живот на Скопје.

# „ИКАС 2013“



Кајакарот од Република Словенија, Јуре Меглич, е победник на 45-от Илинденски кајак слалом ИКАС 2013, којшто под покровителство на Градот Скопје и Агенцијата за млади и спорт, а во организација на Кајакарската федерација на Македонија и Кајак кану клубот „Илинден 90“, во април 2013 година се одржа во водите на реката Треска.

# ШАМПИОНАТ ВО ОДБОЈКА НА ПЕСОК



Од 25 до 27 јули на двата терена на песок на плажата „Парк“, во организација на Град Скопје и Одбојкарската федерација на Македонија, се одржа тридневно Балканско сениорско првенство во одбојка на песок во машка и во женска конкуренција „Скопје 2013“. Покровител на турнирот беше градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

Одбојкарските двојки Динова/Ангелова од Бугарија, во женска конкуренција и Николиќ/Киковиќ од Србија, во машка конкуренција, ги освоија првите места на ова Балканско сениорско првенство во одбојка на песок „Скопје 2013“.

# ТУРНИРИ ВО РАКОМЕТ НА ПЛАЖА




Под покровителство на Град Скопје, а во организација на Ракометниот клуб „Работнички“ и Ракометната федерација на Македонија, на терените на плажата „Парк“ во август 2013 година се одиграа машки и женски турнир во ракомет на песок.

Првото место на турнирот го освоија ракометарите на тимот „Патос“, а кај жените најдобри беа ракометарките на екипата „Рексона“.

# ПОВЕЌЕНАМЕНСКО МААЛСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Во реонскиот центар во Ѓорче Петров е отворено ново повеќенаменско маалско игралиште со терени за мал фудбал, ракомет и баскет, спортско-рекреативни реквизити и трим патека. Комплексот е хортикултурно уреден, има паркинг простор, чешма за пиење вода, тоалет и соблекувална.

Изградбата на повеќенаменското маалско игралиште е финансирана од Агенцијата за млади и спорт. Градот Скопје финансиски учествуваше во изградбата на ова игралиште со милион денари.

# СРЕДНОШКОЛЦИТЕ СЕ НАТПРЕВАРУВАА ВО ФУТСАЛ

Промотивниот турнир во мал фудбал - футсал во машка конкуренција меѓу скопските средношколци што се одржа на почетокот на септември 2013 година заврши со победа на екипата на СУГС „Никола Карев“, на второто место се пласира екипата на СУГС „Васил Антевски-Дрен“, а на третото место се најде екипата на СУГС „Зеф Љуш Марку“. Градоначалникот Коце Трајановски на победничката екипа и додели пехар за освоеното прво место.

- Овој турнир се одржуваше во чест на Денот на независноста на Македонија – 8. Септември, но и во чест на спортот. Иднината е во младите луѓе и токму затоа ги организираме средноучилишните лига натпревари и ваквите турнири преку кои се подигнува масовноста во спортувањето – објаснува градоначалникот Трајановски.



# РЕКОРДИТЕ ГО ОДБЕЛЕЖАА СКОПСКИОТ МАРАТОН 2013



Поставените рекорди на патеката долга 42 195 километри, и во машка и во женска конкуренција, беа главната одлика на СКОПСКИОТ МАРАТОН 2013, којшто на 11 мај се трчаше на градските улици. Најдобар меѓу маратонците беше Кениецот Вајклиф Бивот Кипкорир, кој го собори рекордот на патеката, а најбрза и со рекорд меѓу жените беше неговата сонародничка Каролин Кипруто.

На скопскиот маратон, традиционално, се трчаа уште 3 трки - полумаратонот на 21 097 метри, хуманитарната трка на 5 000 метри и детската трка Колгејт-Скопски мини маратон.

Во организацијата на маратонот беа вклучени голем број волонтери, околу 400 лица, како и сите јавни претпријатија на Град Скопје. Покровители на СКОПСКИ МАРАТОН 2013 се Град Скопје, Мисијата на Европската унија во Република Македонија и Агенцијата за млади и спорт.




# БЕСПЛАТНО СПОРТУВАЊЕ НА ГРАДСКИТЕ ПЛАЖИ

Одбојкарските игралишта на песок на градските плажи „Парк“ и „Камен мост“ и ракометното игралиште на песок на плажата „Парк“ и ова лето ги отворија вратите за рекреативците. Терените беа отворени секој ден, од 10 до 24 часот, а терминот за бесплатно користење беше со времетраење од 1 час.





Пајтон во центарот на градот




„Појадок на мост 2013“



65 години ДКЦ „Карпош“



Туристичка стража



Пивофест 2013



Виноскоп 2013